# Поддршка за имплементацијата на Стратегијата за Ромите

Бр. 4

Билтен на проектот „Поддршка за имплементацијата на Стратегијата за Ромите“ финансиран од Европската Унија, спроведуван од Конзорциумот ББИ

*4-то ИЗДАНИЕ март – април, 2012*

## *Координација и соработка - сигурен пат кон успехот*



*Работен состанок меѓу РИЦ-овите и општините, 27-28 Март*

Подобрување на сите аспекти на координација на работните односи помеѓу 10-те постоечки ромски информативни центри (РИЦ) од една страна, и Министерството за труд и социјална политика и соодветните општински администрации (локална самоуправа) од друга - ова е целта на *Прирачникот за процедури* наменет за РИЦ-овите. Како што споменавме во последниот број, овој Прирачник се состои од т.н. внатрешни правила на работење, и веќе функционира како "водич" што директно им помага на РИЦ-овите да обезбедат подобри услуги за Ромите. По изработката и уредувањето, Прирачникот беше претставен на МТСП, вработените во РИЦ и локалната самоуправа. На неколку организирани работилници РИЦ-овите имаа можност да разговараат за содржината и заеднички да ги усогласат правилата. Не помалку важно е да се истакне слабата заинтересираност на општините (кои се клучни фактори) за проектните активности врзани за РИЦ-овите. Имено, само тројца од вкупно 10-те поканети претставници на општини се појавија на работниот состанок за презентација на Прирачникот организиран на крајот на месец март.

Сега, прирачникот се наоѓа во т.н. *пилот фаза* до средината на јуни 2012. На потег се РИЦ-овите. Од нив зависи дали вистински препораките од овој прирачник ќе произведуваат успех.

## *Заштита на жените Ромки против дискриминација и нееднаквиот третман*



Како да се поддржи земјата во своите напори за обезбедување на еднакви можности и пристап за жените Ромки во процесот на реализација на нивните човекови права? Проектниот тим со своите експерти се обидува да им помогне на релевантните фактори, главно на НВО-ции (што работат за и со жените Ромки), да се фокусираат на пронаоѓање и користење на вистинските механизми за заштита од дискриминација и нееднаков третман.
Оваа мерка е во согласност со *Националниот акционен план (НАП) за унапредување на социјалниот статус на жените Ромки 2011-2013*.
Главната цел на оваа мисија е: преку организирање на две еднодневни обуки за вкупно 40 претставници (по 20 за секоја обука) на женските ромски невладини организации и организации кои работат на човековите права, да им се претстави концептот на недискриминација и рамноправен третман како концепт за човекови права, но да се потенцираат и механизмите за заштита предвидени во законодавството на земјата.
Причината зошто граѓанскиот сектор е целната група е фактот што тие (особено ромските активисти) се најдобро запознаени со проблемот и знаат каде се решенијата. Резултатот што треба да се постигне, во најмала рака, е



*Содржините на оваа публикација на никаков начин не ги изразуваат гледиштата на Европската Унија*

да се стекне способност за препознавање на дискриминацијата и нееднаквиот третман. За таа цел проектот овозможува финансиска поддршка за подготовка и печатење на водич/ прирачник за пристап до услугите на институциите. Кога станува збор за НАП, важно е да се спомене дека проектот е на пат да изготви еден т.н. пресек на сите активности што досега се реализирани во рамките на НАП-овите за сите четири области: домување, образование, вработување и здравје.

## *Продолжува заедничкото спроведување на приоритетните мерки од ЛАП-овите*

Процесот на заедничко спроведување на идентификуваните приоритетни мерки од локалните акциони планови (ЛАП) продолжува. Колку за потсетување:

- Мерките се фокусирани кон четирите области за вклучување на Ромите (вработување, образование, домување и здравство);

- Селектираните и веќе усвоени активности се во процес на заедничко спроведување во следните општини: Куманово, Крива Паланка, Ранковце, Делчево, Кочани, Пехчево, Виница, Пробиштип, Штип, Прилеп, Битола и Гостивар.

- Спроведувањето на мерките се реализира со заеднички сили на: проектот во партнерство со горенаведените општини и локалните невладини организации. Времетраењето на спроведувањето на мерките е 3-4 месеци и треба да биде финализирани до средината на јуни 2012 година. Проектот обезбедува континуирана поддршка за општините во реализирањето на соодветните финансиски процедури, но и постојано го набљудува текот на остварувањето на препораките.

## *Каталог на добри практики*

Во рамките на Компонента 2 од активностите на проектот предвидена е изработка на *Каталог со најдобрите идентификувани практики.* Тој ќе биде објавен во форма на брошура и дистрибуиран до сите релевантни фактори и институции. Оваа активност е планирано да се реализира во следниве чекори:

- концептуализација и опис на конечниот резултат, дискутиран и договорен со корисниците и клучните засегнати страни;
- воспоставување на т.н. критериуми за добра пракса;
- собирање информации за потенцијални добри практики (описи на проектите, ажурирање на резултатите, итн);
- подготовка на конечниот резултат;
- уредување и печатење.

Каталогот ќе се состои од колекција на описи од избраните примери на добра практика според анализата и заклучоците на *ЕУ заедничките основни принципи за вклучување на Ромите*. Целта е да им се даде "позитивен сигнал" на успешните иницијативи во земјава поврзани со Ромите, како и обезбедување на преносливи елементи за добри практики кои се покажале како успешни и кои можат да бидат прифатливи и корисни и за други промотери.


*Содржините на оваа публикација на никаков начин не ги изразуваат гледиштата на Европската Унија*

# *СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНИРАНИТЕ ОБУКИ*

Проектот во континуитет ги реализира планираните обуки. Изминатиот период беа организирани две обуки наменети за институциите на централно ниво:  1) Правна анализа и правно пишување, на 8-9 март, и 2) Социјална политика на ЕУ, на 18-19 април 2012 година. Групата од учесници за втората обука  беше проширена со вклучување на претставници од другите релевантни сектори на МТСП. Обуката за правна анализа и правно пишување беше спроведена исто така и за вработените во РИЦ - на 28 март.

**Обука за правна анализа и правно пишување за вработените во РИЦ, 28 март 2012 година**

Учесници на обуката беа 14 вработени во сите 10 ромски информативни центри. Во рамките на истата беше презентирана работата на Комитетот за заштита од дискриминација и анти-дискриминаторската политика на владата.





**Обука за социјалната политика на ЕУ, 18-19 април 2012**

11 претставници од  централните институции учествуваа на оваа обука. Целта беше да се зголеми нивното ниво на знаење за социјалната политика на Европската Унија и механизмите за нејзино планирање и реализација.



*Содржините на оваа публикација на никаков начин не ги изразуваат гледиштата на Европската Унија*

# РЕВИЗИЈА/РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ

Процесот на ревизија на постојните локални акциони планови (ЛАП) и развој на нови, што започна во декември 2011 година, продолжи и во текот на март-април годинава. Процесот вклучува спроведување на работилници во секоја општина со учество на претставници на релевантни локални ниво институции и организации.
ЛАП за Битола, Берово, Пехчево, Прилеп и Свети Николе се завршени крајот на април, во останатите во тек е конечен преглед внатре во општините и евентуално усвојување. Во моментов се подготвуваат ЛАП-овите за уште две општини - Делчево и Штип. Три работилници беа спроведени во други општини - Шуто Оризари, Куманово и Кочани - и новите ЛАП-ови за нив се во фаза на изработка. Дополнителни работилници се планирани за Шуто Оризари и Штип - за развој на ЛАП за други приоритетни области.

Работилница за развој на ЛАП во областа за вработување, Шуто Оризари, 19 март 2012





Работилница за ревизија на ЛАП, за сите 4 приоритетни области: домување, здравство, вработување и образование, Куманово, 10 – 11 април

Работилница за ревизија на ЛАП во сферата на образованието, вработувањето и домувањето, и развој на ЛАП за здравство, Кочани 25-26 април 2012



## *Луѓе без документи - сурова реалност во современиот свет*

### Регионална конференција за решавање на проблемите на лицата без документи и пристап до правата




Оваа регионална конференција е дел од програмата за претседателствувањето на земјава со Декадата за вклучувања на Ромите. Главната цел е интензивирање на соработката, размена на позитивни практики и неопходни мерки што може да придонесе за натамошен напредок, како и намалување на ризикот од соочување со проблеми за лицата без документи. На конференцијата учествуваа претставници од меѓународните организации, владини и невладини институции / организации инволвирани во спроведувањето на Декадата. Се дискутираше како да се реши проблемот со кој се соочуваат лицата без документи за идентификација, но и проблемот на пристап до правото да добијат документи.

Министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, укажувајќи дека владата сериозно работи на решавање на овој проблем, информира дека во изминатиот период беа идентификувани 335 лица кои немаат лични документи, од кои за 55 случаи постапката е завршена, додека за 120 постапката е во тек.

**Контакт за информации:**

Министерство за труд и социјална политика
Даме Груев бр. 14
1000 Скопје
Тел.: 02/32 32 361
Е- маil: ODrumev@mtsp.gov.mk
Веб страна : www.mtsp.gov.mk

**Останати линкови за проектот:**

http://www.mbr-ds.gov.mk/?q=node/7

https://www.facebook.com/pages/Support-of-Roma-Strategy/186121741496799?sk=app_117776251680729

https://twitter.com/#!/RomaStrategy

**Повеќе информации за Европската Унија на:**
www.europa.eu

**Тимот на проектот го сочинуваат:**

- Директор на проектот - Најџел Шекспир
- Тим лидер - Огниан Друмев
- Клучен експерт, Фернандо Виљиареал
- Пом. тим лидер - Валери Панџаров
- Доволен број краткорочни експерти
- Персонал за поддршка на проектот - Татјана Мијовска, Срѓан Рашити, Марија Илиевска, Енида Садулова

European Year for **Active Ageing**
and **Solidarity between Generations** 2012

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Конзорциумот ББИ и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.